Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Кинотека на
Република Северна Македонија
Institucioni Nacional Kinoteka e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр. 01-863/1
16. 11 2021 год.

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/2020), член 28 став (2) точка 5 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), директорот на Национална Установа Кинотека на Република Северна Македонија, на ден 16.11.2021 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во НУ Кинотека на Република Северна Македонија**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во НУ Кинотека на Република Северна Македонија со архивски број 01-456 /1 од 13.08.2020 година.

**Член 2**

Во делот Распоред и опис на работните места, во член 6, став (1), кај Категорија Г – помошно стручни административни службеници, Ниво Г1 „помлад референт благајник 1„ се брише.

**Член 3**

Во делот Распоред и опис на работните места, во член 6, став (2), кај Категорија Ѓ- соработници во заштитата на културното наследство, се додава Ниво Ѓ1 –„виш филмски техничар 2„.

**Член 4**

Во делот Распоред и опис на работните места во член 6, став (2), кај Категорија Ѓ – соработници во заштитата на културното наследство, кај Ниво Ѓ2-филмски техничар, бројот „6„ се заменува со број „5„.

**Член 5**

Во член 12 делот посебни услови утврдени со Законот за култура за давателите на услуги од областа на културата од категоријата Ѓ, зборовите „ниво на образование 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен„ се заменуваат со зборовите „вишо образование или високо образование, со стекнати најамалку 180 кредити според ЕКТС или завршено средно образование„.

**Член 6**

Во делот ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ, Назив на работно место: „Помлад референт благајник„ со реден број 5 и шифра КУЛ 01 02 Г04 006, **се брише.**

**Член 7**

Во делот ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ, во Одделението за прибирање, заштита, обработка, чување на аудиовизуелни дела и придружна филмска документација

(пишувана и фотографска документација и музејски експонати), по работното место „ Филмолог-соработник за филмска дејност од областа на духовното наследство„ со реден број „10" и шифра КУЛ0304Д03005, **се додава ново** работно место кое ќе гласи:

**10-А**

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | КУЛ 0304Ѓ01006 |
| Звање на работно место | Виш филмски техничар |
| Назив на работно место | Виш филмски техничар |
| Број на извршители | 2 |
| Вид на образование | Средно гимназиско или средно стручно образование (техничка, електро или економска струка) Вишо, Високо, Драмски уметности |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Ефикасно и навремено реализирање на работните задачи од делокруг на одделението |
| Работни задачи | - ја координира работата во депоата и се грижи за нивната исправност и условите во нив;<br>-врши прибирање, селектирање и идентификација на аудиовизуелните добра/материјали;<br>- се грижи за уредно сместување на материјалите во депоата;<br>- врши технички преглед на копиите/музејските предмети наменети за интерно и јавно прикажување/изложување;<br>- води влезна и инвентарна книга на материјалите и другата документација (филмови, експонати);<br>- се грижи за збогатување на збирките по пат на донации, откуп и изработка на копии;<br>- учествува во изготвување и реализација на изложби;<br>- внесува податоци во компјутерската база;<br>- еднаш месечно подготвува извештај за својата работа. |
| Одговара пред | -Раководителот на одделението за истражувачка, издавачка, јавна, меѓународна дејност, библиотечна дејност и филмска програма |

**Член 8**

Во делот ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ, во Одделението за прибирање, заштита, обработка, чување на аудиовизуелни дела и придружна филмска документација (пишувана и фотографска документација и музејски експонати), Назив на работното место „Филмски техничар-филмски

архив„ со реден број 11 и шифра КУЛ 0304 Ѓ02 006, во делот број на извршители, **бројот „4„ се заменува со број „3„.**

**Член 9**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот, се вршат измени и дополнувања во Табеларниот преглед кој е доставен како Прилог на овој Правилник.

**Член 10**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и Управниот одбор на НУ Кинотека на Македонија.

Архивски број:
Датум:

директор

Владимир Ангелов

**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА**

| Р. бр. | шифра | Звање и/или назив на р.м. | Број на систем. р.м. | Број на пополнети. р.м. | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Админ. службеници | Даватели на услуги | Помошно технички лица |
| 1 | КУЛ 01 02 Б04 001 | Раководител на одделение за административни, општи и правни работи | 1 | | | |
| 2 | КУЛ 01 02 В01 002 | Советник за административни, општи и правни работи | 1 | 1 | | |
| 3 | КУЛ 01 02 В03 010 | Соработник за човечки ресурси | 1 | 1 | | |
| 4 | КУЛ 01 02 Г01 003 | Самостоен референт - сметководител | 1 | 1 | | |
| 5 | *Избришано* | | | | | |
| 6 | КУЛ 03 04 Д01 010 | Раководител на Одделението за прибирање, заштита, обработка и чување на аудиовизуелни дела и придружна филмска документиација (пишувана и фотографска документација и музејски експонати) | 1 | | 1 | |
| 7 | КУЛ 03 04 Д01 005 | Филмолог – советник – филмски | 1 | | 1 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | архив | | | | |
| 8 | КУЛ 03 04 Д02 005 | Виш – филмолог – филмски архив | 1 | | 1 | |
| 9 | КУЛ 03 04 Д03 005 | Филмолог – филмски архив | 3 | | 2 | |
| 10 | КУЛ 03 04 Д03 005 | Филмолог – соработник за филмска дејност од областа на духовното наследство | 2 | | 2 | |
| 10-А | КУЛ 03 04 Ѓ01 006 | Виш филмски техничар | 2 | | | |
| 11 | КУЛ 03 04 Ѓ02 003 | Филмски техничар – филмски архив | 3 | | 3 | |
| 12 | КУЛ 03 04 Ѓ02 003 | Документатор – техничар –пишувана документација | 1 | | 1 | |
| 13 | КУЛ 03 04 Ѓ02 003 | Документатор – техничар - фототека | 1 | | 1 | |
| 14 | КУЛ 03 04 Ѓ02 003 | Документатор – техничар - музеј | 2 | | 2 | |
| 15 | КУЛ 03 04 Д01 010 | Раководител на Одделението за истражувачка, издавачка, јавна, меѓународна дејност, библиотечна дејност и филсмка програма | 1 | | 1 | |
| 16 | КУЛ 03 04 Д02 005 | Виш – филмолог – уредник на филмска | 1 | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | програма | | | | |
| 17 | КУЛ 03 04 Д03 005 | Филмолог – филмска програма | 3 | | 3 | |
| 18 | КУЛ 03 04 Д03 005 | Филмолог – меѓународна и јавна дејност | 3 | | 3 | |
| 19 | КУЛ 03 04 Д03 001 | Библиотекар | 1 | | 1 | |
| 20 | КУЛ 03 04 Ѓ02 006 | Филмски техничар – филмска програма | 2 | | 2 | |
| 21 | КУЛ 03 04 Ѓ02 003 | Документатор техничар – филмска програма | 1 | | 1 | |
| 22 | КУЛ 03 04 Ѓ02 005 | Библиотекарски помошник | 1 | | 1 | |
| 23 | КУЛ 04 01 Б01 002 | Билетопродавач | 2 | | | 2 |
| 24 | КУЛ 04 02 А01 001 | Работник за обезбедување | 4 | | | 4 |
| 25 | КУЛ 04 01 Б02 003 | Домаќин | 2 | | | 2 |
| 26 | КУЛ 04 03 А01 001 | Возач | 1 | | | 1 |
| 27 | КУЛ 04 01 Б03 003 | Друг НКВ работник за одржување на објектите | 1 | | | 1 |
| 28 | КУЛ 04 01 Б02 005 | Друг работник за оддржување на објектите | 1 | | | 1 |
| | ВКУПНО | | 45 | 3 | 26 | 11 |